Република Северна Македонија
**Министерство за внатрешни работи**
**Биро за јавна безбедност**
**Оддел за криминалистичка полиција**

Рег.бр. 22.3 - 43231/
Скопје, 20-05-2020 2020 1

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup
21-05-2020
44 3530 /2

**ДО: Влада на Република Северна Македонија**
**Главен координативен кризен штаб**

**ПРЕДМЕТ:** Одговор, доставува.-
**ВРСКА:** Ваш акт бр.44-3530/2 од 29.04.2020 година.

Почитувани,

Преку Главниот координативен кризен штаб од ЕСЕ – Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените е доставено барање за итно преземање на активности за заштита од семејно насилство во услови на криза и вонредна состојба.

Во однос на наведеното барање Ве известуваме дека според Законот за кривична постапка Јавниот обвинител има клучна улога за гонењето на сторители на кривични дела по службена должност и раководи со кривичната постапка, односно полициските службеници за секое пријавено кривично дело (вклучувајќи ги и кривичните дела како резултат на семејно насилство и „одземање дете") го известуваат надлежниот Јавен обвинител и постапуваат по неговите насоки.

Министерството за внатрешни работи во случаеви на семејно насилство во рамките на своите надлежности ги има следните должности и овластувања:
- Постапување по пријави за извршено семејно насилство;
- Заштита на лицата жртви на семејно насилство;
- Спречување на насилството;
- Откривање на сторителите и иницирање постапка против нив;
- Превентивни активности.

Надлежноста на полицијата произлегува од Законот за полиција, каде што во чл. 5 покрај другото е наведено дека полициските службеници се должни да постапуваат за заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните, спречување на вршење на кривични дела и прекршоци, откривање и фаќање на сторителите, како и преземање на други мерки за гонење на сторителите на тие дела. Со овој Закон полициските службеници се обврзани за укажување помош и заштита на граѓаните во случај на неопходна потреба и на полето на семејното насилство, што вклучува заштита на лицата жртви, откривање на сторителите и спречување на семејното насилство.

Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**

**Биро за јавна безбедност**

**Оддел за криминалистичка полиција**

Согласно истото, од Бирото за јавна безбедност на 11.05.2020 година до сите Сектори за внатрешни работи е доставена телеграма со насоки да се поучат сите жртви на семејно насилство дека можат да добијат помош и подршка и од страна на Центар за социјални работи, НВО и граѓанските здруженија. Во прилог на телеграмата се доставени телефонските броеви на Советувалиштата за работа со жени жртви на родово базирано / семејно насилство, НВО и граѓанските здруженија и на националните сервиси кои согласно своите програми може да преземат мерки за заштита и тоа :

- сместување во центар за лица – жртви на семејно насилство,
- соодветна здраствена заштита,
- соодветна психо-социјална интервенција и третман,
- психо-социјален третман во советувалиште,
- помош на семејства за редовно школување на дете,
- правна помош и застапување, и
- економско јакнење на жртвата преку нејзино активно вклучување на пазарот а трудот.

Министерството за внатрешни работи во сите случаеви на пријавено кривично дело (вклучувајќи ги и кривичните дела како резултат на семејно насилство и „одземање дете“) постапува согласно позитивната законска регулатива и во рамките на своите надлежности.

Со почит,

**ДИРЕКТОР НА БИРО ЗА ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ**
**м-р САШО ТАСЕВСКИ**

**Подготвил: Главен инспектор Дарко Нушев**

**Контролирал: Началник на СОНК Насер Селмановиќ**

**Согласен: ПОМОШНИК ДИРЕКТОР за ОКП**
**ОЛИВЕР ЛУКАРОСКИ**